РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-734/4
24.03 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
СКОПЈЕ-SHKUP

| Примено: Pranuar: | 24 MAR 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един: Nj. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 319 | 19 | |

До
**Министерство за образование и наука**

**Педагошка служба**

Предмет: Мислења за учебници
Врска: Ваш број 26-319/17 од 13.3.2026

Почитувани,

**Бирото за развој на образование** го разгледа дописот со наш арх. број 09-734/1 од 13.3.2026 година со кој Педагошката служба бара мислење во однос на ракописи за учебници по предметот Македонски јазик и литература за втора година гимназиско образование со шифра 013, шифра 014, шифра 015. За подготовка на мислењата беше составена работна група со Решение број 02-734/2 од 16.3.20206 година.

Образложените мислења се во прилог.

Со почит,

Директор
м-р Милка Тримчевска
..............................................

Изработи: Работна група со Решение број 02-734/2 од 16.3.20206 година,
Контролира: м-р Афродита Давко, раководител на одделение
Одобри: Ајше Арлуаи, раководител на сектор

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

за ракопис за учебник по Македонски јазик и литература за втора година со шифра 013

## УСОГЛАСЕНОСТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Учебникот е јасно усогласен со наставната програма, со целосно покривање на предвидените подрачја и резултати од учењето. Структурата на содржините следи хронолошки и тематски целини, што овозможува лесно и систематско усвојување на материјалот. Поимите предвидени со наставната програма се целосно застапени, што овозможува нивно прецизно и целосно разбирање од страна на учениците. Единствениот недостаток е обемноста на материјалот кој е подготвен како и големиот број прашања кои се на почетокот на секоја наставна содржина. Ваквиот пристап е во прилог на работата на наставниците, додека за учениците е преобемно.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Содржините се презентирани на јасен и прегледен начин, со прецизно означени цели и очекувани резултати за секоја лекција. Текстовите и примерите се современи, научно засновани и релевантни. Дел од содржините се на повисоко ниво во делот од јазикот, а примерите не се секогаш блиски до учениците, туку главно се дел од академските учебници. Во делот посветен на литературата дел од прашањата за влез во темата изгледаат дека се во поголем број и го оддолжуваат запознавањето со содржината. Овој дел ја помага работата на наставникот, но за ученикот треба да биде во друга, сумирана форма.

При разгледувањето на соджините сите факти кои се презентирани се во согласност со научните сознанија. Сепак, дел од прашањата може поедноставно да се постават, едновремено и да поттикнат на критичко размислување и истражување.

Учебникот ја промовира еднаквоста и почитувањето на различности, избегнувајќи стереотипи и предрасуди. Илустрациите и текстуалните примери ја олеснуваат интерпретацијата на содржините и се функционално интегрирани во наставниот материјал.

Сепак, констатираме дека обемот и сложеноста се големи. За одредени содржини во ракописот за учебник има детализирање на некои карактеристики, обележја и дополнувања кои по програмата се претставени така што на учениците би им се овозможило тоа да го учат по избор.

## ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структурирано и прегледно организиран, главно овозможувајќи самостојно учење и континуирано надградување на претходните знаења. Вклучени се актуелни

примери од современа македонска и светска литература, има голем прашања и задачи. Сепак, во некои од примерите треба да се вклучи и критичко мислење и примена на стекнатото знаење. Прашањата за самопроверка одат во функција на самостојна рефлексија. Во дел од предложените активности има кооперативни активности за работа во групи.

Учебникот е добро структуриран, но има преголем број активности, односно избор од активности и задачи што прави извесна збунетост. Ваквото претставување на содржините ги надминува границите на потребите на учениците средношколци, но претставува извонреден преглед од активности кои наставниците можат да ги реализираат на часовите.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот се соодветни за гимназиско ниво, јасни и разбирливи, овозможувајќи непречено следење на наставните содржини и лесно усвојување на новите знаења.

ДИЗАЈН

Илустрациите (слики, шеми, дијаграми) се функционално интегрирани и го разјаснуваат текстот.Текстуалните елементи (наслови, поднаслови, истакнати зборови) го олеснуваат читањето и фокусот на учениците.

Дизајнот избегнува пренатрупаност, со доволно бел простор за визуелна релаксација.

Јазикот е со академска точност.

Стилот на пишување е конзистентен низ целиот учебник.

Повеќеслојни содржини се презентирани на прегледен начин (текст + илустрации + примери).

Содржините вклучуваат прашања за размислување и задачи за самопроверка.

Вклучени се активности за групна работа и истражување.

Примерите се релевантни и поттикнуваат дискусија и анализа.

***Сумарно мислење***

Ракописот на учебникот по Македонски јазик и литература за втора година гимназија е усогласен со наставната програма. Содржините се научно точни, прегледни, релевантни.

Работната група при Бирото за развој на образование која го разгледуваше ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература за прва година гимназиско образование со шифра 013 дава позитивно стручно мислење за него.

Изготвија:

д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, советник

Оливера Тодороска, советник

м-р Јанко Билбилоски, советник

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература за втора година гимназиско образование, шифра 014.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Учебникот ги следи подрачјата предвидени со наставната програма. Претставени се сите наставни содржини и сите поими кои се однесуваат на наставните содржини.
Учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените резултатите од учењето. Исто така, стандардите се видливи во преставените содржини преку делот посветен на теоретското претставување на содржините, но и преку прашањата, активностите и задачите кои се дел од процесот на учење и поучување.
Деловите од ракописот за учебник се организирани според хронолошки и тематски целини, лесно достапни за учење.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Лекциите во учебникот се презентирани на начин кој олеснува да се увиди што е тоа што учениците треба да го научат, од аспект на цели/ очекувани резултати и наставни содржини.
Во учебникот се презентирани точни, современи, научно засновани и релевантни сознанија.
Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците. Примерите дадени во делот јазик се нови и достапни до секојдневието на учениците што особено е важно за нивното брзо усвојување и претставува освежување во теорискиот дел од граматиката кој понекогаш за учениците е тешко да го совладаат. Примерите од литературата ги следат насоките од програмата што значи дел од нив се претставени детално, дел од нив се прикажани во преглед и сумирано.
Нивото на тежина на содржините во учебникот соодветствува на барањата на наставната програма и на нивото на когнитивниот развој на учениците.
Учебникот не развива и поддржува стереотипи и предрасуди, туку промовира еднаквост и почитување на различности по сите основи.
Учебникот овозможува учениците со различни предзнаења да напредуваат.
Структурата овозможува лесно прилагодување од страна на наставникот.
Дизајнот е универзален, промовира еднаквост и избегнува стереотипи.
Лекциите и темите можат да се користат поединечно или во комбинација со други материјали.
Јасно е означено кои делови се основни, а кои се дополнителни или за продлабочување.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето. Учебникот е напишан така што им овозможува на учениците сами да учат од него. Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот. Вклучени се актуелни примери од современа македонска и светска литература. Развиени се јасни прашања и задачи поврзани со наставните содржини. Примерите се релевантни (литературни текстови, лингвистички анализи). Илустрациите (текстуални и визуелни) го разјаснуваат материјалот, а секоја наставна содржина е јасно издвоена и прегледна.
Учебникот вклучува прашања за самопроверка и задачи за истражување. Предложени се многу активности за индивидуална и кооперативна активност.

ЈАЗИК И СТИЛ

Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Текстот е напишан во пасуси и секој пасус има по една носечка идеја. Речениците по должина и по конструкција се соодветни на возраста.
Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН

Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот. Сите илустрации што се во учебникот се изделени и логички распоредени, со точно и соодветно користење на фонтовите, симболите за означување на делови од текстот или пак рубрики. Фотографиите се со соодветна резолуција.

***Сумарно мислење:***

Работната група при Бирото за развој на образование која го разгледуваше ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература за втора година гимназиско образование со шифра 014 и дава позитивно стручно мислење за него.

Изготвија:
д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, советник
Оливера Тодороска, советник
м-р Јанко Билбилоски, советник

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

# МИСЛЕЊЕ

За ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература за втора година гимназиско образование, шифра 015.

## УСОГЛАСЕНОСТ НА СОДРЖИНАТА НА УЧЕБНИКОТ СО НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Во однос на усогласеноста на содржината на учебникот со наставната програма констатираме дека сите содржини се претставени во наставната програма. Поимите се дел од претставените содржини.
Учебникот ја следи наставната програма во поглед на следење на резултати од учење.
Преобемност во изнесувањето на содржините, голем број на примери и долги теориски лекции.

## ИЗБОР И ПРИКАЗ НА СОДРЖИНИТЕ

Сите поими и оние кои се во програмата и оние кои авторот/авторите ги користел/е во овој ракопис се дел од современите достигања во областа на јазикот и литературата.
Методологијата на изучувањето на предметот треба да биде дополнета со прашања и задачи кои ќе бидат структурирани по тежински нивоа. Во дел од прашањата кои се поставуваат тие не се движат по ред на усложнување, од поедноставно кон посложено туку се измешани и не помагаат во разбирањето на соджината при правењето резиме преку прашањата.
Во ракописот за учебник се презентирани точни, современи и научно засновани сознанија. Примерите и илустрациите се во насока на поддршка на теорискиот материјал.
Нивото на тежината на содржините претставени во ракописот за учебник е главно соодветен на когнитивниот развој на учениците. Сепак, констатираме дека обемот и сложеноста се големи, исто како што е големо детализирањето кај одредени содржини.
Во ракописот за учебник нема стеротипи и развој на предрасуди од различен вид.

## ПОВРЗАНОСТ СО УЧЕЊЕТО И ПОУЧУВАЊЕТО

Учебникот е структуриран и организиран така што овозможува прегледност и го олеснува користењето.
Самостојноста во учењето може да биде оневозможена на одредени места поради обемноста на информациите и примерите.
Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата од предметот.
Прашањата и задачите се поврзани со наставните содржини, но треба да бидат преструктурирани на одредени делови. Примерите се релевантни, по предлозите и насоките од програмата. Илустрациите се чисти и јасни и во функција на текстуалниот дел.

Во ракописот треба да се додадат и вклучат прашања и за самопроверка и за критичко размислување, да се дадат упатства за самостојно истражување на учениците.

ЈАЗИК И СТИЛ
Јазикот и стилот на којшто е напишан учебникот го олеснува разбирањето на содржините. Учебникот ги почитува јазичните и правописните норми на јазикот на кој е напишан.

ДИЗАЈН
Графичкото обликување обезбедува целосна прегледност на структурата и содржините на учебникот.

***Сумарно мислење:***

Во согласност со изнесеното, Работната група при Бирото за развој на образование којашто го разгледуваше ракописот за учебник по предметот Македонски јазик и литература шифра 015 за втора година гимназиско образование констатира дека презентираните содржини во ракописот ја следат наставната програма и за него дава позитивно стручно мислење.

Изготвија:
д-р Марина Димитриева-Ѓорѓиевска, советник
Оливера Тодороска, советник
м-р Јанко Билбилоски, советник